Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-1342/3
04. 11. 2019 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Врз основа на **член 6 став 2** од Одлуката за распишување на избори за претседател и членови на Факултетско студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје бр. 03-1342/1 од 29 октомври 2019 година, Изборната комисија од член 3 од Одлуката ги известува студентите дека ги определува **четврток (7.11.2019 година) и петок (8.11.2019 година)** за термини за **одржување на собири на студенти по студиски години/студиски програми** на кои ќе ги **утврдат кандидатите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание** согласно Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година) и Одлуката за распишување на избори за претседател и членови на Факултетско студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

За начинот на организирање, одржување и одлучување на собирите на студентите одговорни се студентите од соодветни групи односно години, при што целосно ќе бидат запазени и почитувани принципите на транспаренстност, јавност и инклузивност. Се истакнува дека бројот на предложени кандидати **може да го надмине бројот на претставници** од соодветните студиски години/студиски програми утврдени согласно член 6 став 3 од Одлуката. За претседател на Факултетското студентско собрание може да се кандидира редовен студент на факултетот кој ги положил сите испити заклучно со трет семестар.

Во прилог на ова известување се објавува **Образец бр. 1 Записник од одржан собир на студенти** и **Образец бр. 2 Изјава за кандидатура** која мора да биде лично потпишана од студентот-кандидат. Записникот и изјавата, во три примерока, се доставуваат до Изборната комисија преку Архивата на факултетот **на денот на одржувањето на собирот, а најдоцна до понеделник (11.11.2019 година).**

**Изборна комисија**

**Проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска**

**Асс. д-р Денис Прешова**

**Тамара Глушкина**

**Панче Патоски**

**Филип Ѓоршовски**

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - Правен факултет Јустинијан Први - СКОПЈЕ - Република Северна Македонија